РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1048/2
04-05-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 08-1048/1 од 06.03.2026 година поднесена против лицето ______________, в.д. директор на Општинско основно училиште "_______________" с._______________ за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси, СЕ ОТФРЛА.

Предметот со број 08-1048/1 од 06.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 06.03.2026 година, поднесена е пријава со наводи дека лицето ________________, в.д. директор на Општинско основно училиште "___________________" с.______________ нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси, по што е оформен предмет со број 08-1048/1 од 06.03.2026 година.

По разгледување на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во базите на податоци со кои располага и констатира дека лицето ____________________ ја има испочитувано законската одредба од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, односно има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изработил:** Е.П., советник
**Контролирл:** м-р Н.Т-М., раководител на одделение
**Согласен:** К.З., раководител на сектор